РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 03-176/1
18.04 2017 год.
Струмица

ЗИМ СКОПЈЕ АД
Завод за испитување на материјали и развој
на нови технологии СКОПЈЕ АД
Бр. 03-783
04.05. 2017 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ: ГРАДЕЖЕН НАДЗОР НАД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ НА ИЗГРАДБА НА ТЕАТАР ВО СТРУМИЦА
## Бр. 03- 134/1 од 25.02.2014 /03-408 од 27.02.2014

Склучен на ден ____________________ година во Струмица, помеѓу:

**I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**1. НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица**, со седиште на ул. 27 Март бр. 2 во Струмица, Република Македонија, претставувано и застапувано од директорот м-р Зоран Рујак (во понатамошниот текст: Договорен орган)

и

**2. Универзитет Св. Кирил и Методиј- Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД- Скопје** со седиште на ул. Раде Кончар бр. 16 во Скопје Република Македонија, претставувано и застапувано од директорот Борис Танески, дги, ЕДБ 4030956274932, број на жиро сметка: 250-0000000167-95 депонент банка: Sparkasse Bank Скопје АД (во понатамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

**II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е изменување и дополнување на основниот Договор за јавна набавка на услуги: градежен надзор над реализацијата на изградбата на театар во Струмица.

**Член 2**

Договорните страни постигнаа согласност да се измени и дополни Основниот договор во **членот 4 дел V**.

**Член 3**

Договорните страни взаемно се согласни да се продолжи рокот на траење на договорот за градежен надзор се‘ до конечното завршување на објектот Театар во Струмица.

Носителот на набавката - Надзорот е должен најдоцна три дена од денот на потпишувањето на овој Анекс Договор да достави **банкарска гаранција** за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10 % од вкупната сума во Основниот Договор и истата да биде со важност најмалку до 15.11.2017 година.

За склучување на овој Анекс договор, договорните страни се согласни од секоја доставена времена ситуација на извод од 01.01.2017 година до завршување на објектот, заклучно со последната завршна ситуација, да задржува износ од **95.000 плус 18%ДДВ (вкупно 112.100 денари)** т.е. во висина на еднократниот месечен надомест за ангажирање на стручниот надзор.

Задржувањето на износот од став 3 на овој член ќе се врши врз основа на склучениот Анекс Договор помеѓу Инвеститорот и Изведувачот Бр. 03-176/1 од 10.04.2017 год.

**III. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 4**

За се’ останато останувааt во важност и ќе се применуваат одредбите на Основниот договор **Бр. 03- 134/1 од 25.02.2014 /03-408 од 27.02.2014.**

**Член 5**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото склучување.

**Договорни страни:**

**Договорен орган:**
**НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица**

**директор,**
**м-р Зоран Рујак**

**Носител на набавката:**
**Универзитет Св. Кирил и Методиј- Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД- Скопје**
**директор,**
**Борис Танески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 03-634/1
20.09.2016 год.
Струмица

ЗИМ СКОПЈЕ АД
Завод за испитување на материјали и развој
на нови технологии СКОПЈЕ АД
Бр. 03-156/3
22.09.2016 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ: ГРАДЕЖЕН НАДЗОР НАД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ НА ИЗГРАДБА НА ТЕАТАР ВО СТРУМИЦА

**Бр. 03- 134/1 од 25.02.2014 /03-408 од 27.02.2014**

Склучен на ден ____________________ година во Струмица, помеѓу:

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1. НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица**, со седиште на ул. 27 Март бр. 2 во Струмица, Република Македонија, претставувано и застапувано од директорот м-р Зоран Рујак (во понатамошниот текст: Договорен орган)

и

**2. Универзитет Св. Кирил и Методиј- Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД- Скопје** со седиште на ул. Раде Кончар бр. 16 во Скопје Република Македонија, претставувано и застапувано од директорот Борис Танески, дги, ЕДБ 4030956274932, број на жиро сметка: 250-0000000167-95 депонент банка: Sparkasse Bank Скопје АД (во понатамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е изменување и дополнување на Основниот Договор за јавна набавка на услуги: градежен надзор над реализацијата на изградбата на театар во Струмица.

**Член 2**

Договорните страни постигнаа согласност да се дополни и измени Основниот договор во **членот 1 дел II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ и членот 3 дел IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ.**

**Член 3**

Договорните страни взаемно се согласни да се дополни во член 1 од Предметот на договорот и со градежниот надзор да бидат опфатени непредвидените работи и појавените вишоци за кои е склучен Анекс со изведувачот на градбата.

**Член 4**

Вредноста на овој Анекс- Договор врз основа на утврдениот процент на зголемување на работите од 10,72%, изнесува **183.312 денари без ДДВ** и **32.996 денари** ДДВ18%, односно вкупно **216.308 денари со ДДВ**.

**III. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 5**

За се' останато остануваат во важност и ќе се применуваат одредбите на Основниот договор **Бр. 03- 134/1 од 25.02.2014 /03-408 од 27.02.2014 и Договорот за изменување и дополнување на Основниот договор Бр.03-50/1 од 01.02.206/03- 156 од 03.02.2016.**

**Член 6**

Овој Договор е составен во 3 (три) примероци, од кои 2 (два) примерока за Договорниот орган, а еден за носителот на набавката.

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото склучување.

**Договорни страни:**

**Договорен орган:**
**НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица**

**директор,**
**м-р Зоран Ружак**

**Носител на набавката:**
**Универзитет Св. Кирил и Методиј- Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД- Скопје**
**директор,**
**Борис Танески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 03-50/1
01. 02 201 6 год.
Струмица

Арх. знак 0307
Рок на чување ТРАЈНО
01. 02. 2016 год.
Потпис, РПЧ

ЗИМ СКОПЈЕ АД
Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД
Бр. 03-156
03.02. 2016 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ:**
**ГРАДЕЖЕН НАДЗОР НАД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ НА ИЗГРАДБА НА ТЕАТАР ВО СТРУМИЦА**
**Бр. 03- 134/1 од 25.02.2014 /03-408 од 27.02.2014**

Склучен на ден ____________________ година во Струмица, помеѓу:

**I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**1. НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица**, со седиште на ул. 27 Март бр. 2 во Струмица, Република Македонија, претставувано и застапувано од директорот м-р Зоран Рујак (во понатамошниот текст: Договорен орган)

и

**2. Универзитет Св. Кирил и Методиј- Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД- Скопје** со седиште на ул. Раде Кончар бр. 16 во Скопје Република Македонија, претставувано и застапувано од директорот Борис Танески, дги, ЕДБ 4030956274932, број на жиро сметка: 250-0000000167-95 депонент банка: Sparkasse Bank Скопје АД (во понатамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

**II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е изменување и дополнување на основниот Договор за јавна набавка на услуги: градежен надзор над реализацијата на изградбата на театар во Струмица.

**Член 2**

Договорните страни постигнаа согласност да се измени и дополни Основниот договор во **членот 4 дел V**.

**Член 3**

Договорните страни взаемно се согласни да се продолжи рокот на траење на договорот за градежен надзор до 31.12.2016 година, односно до датумот на важење на Договорот со изведувачот на градбата.

**III. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 4**

За се' останато остануваат во важност и ќе се применуваат одредбите на Основниот договор **Бр. 03- 134/1 од 25.02.2014 /03-408 од 27.02.2014.**

**Член 5**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото склучување.

**Договорни страни:**

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| **НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица** | **Универзитет Св. Кирил и Методиј- Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД-Скопје** |
| **директор,** | **директор,** |
| **м-р Зоран Рујак** | **Борис Танески** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 03-134/1
25.02. 2014 год.
Струмица

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Примено: 28.02.2014
03 134/2

ЗИМ СКОПЈЕ АД
Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД
Бр. 03-407
27.02. 2014 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ:**

**ГРАДЕЖЕН НАДЗОР НАД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ:**

**За изградба на театар во Струмица**

Склучен на ден ____________________ година во Струмица, помеѓу:

**I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица, со седиште на ул.27 Март бр.2 во Струмица, Република Македонија, претставувано и застапувано од директорот м-р Васил Ѓоргиев (во понатамошниот текст: Договорен орган)

и

**2. Универзитет Св. Кирил и Методиј- Завод за испитување на материјали и нови технологии АД-Скопје** со седиште на ул. Раде Кончар бр. 16 во Скопје Република Македонија, претставувано и застапувано од директорот Борис Танески, дги. ЕДБ 4030956274932, број на жиро сметка: депонент банка: Sparkasse Bank Скопје АД (во понатамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

**II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор за јавна набавка е вршење градежен надзор над изведувањето работи: Реализација на Основен Проект за изградба на театар во Струмица, согласно Одлуката за јавна набавка бр. 02-295/1 по спроведената Отворена постапка Оглас бр. 12/2013 и Одлуката за избор на најповолен понудувач бр. 02- 295/18 по спроведената електронска аукција и Понуда бр. 03- 1168/ 2 од 23.09.2013 согласно одредбите во Законот за градење ( Сл. Весник бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13 и 70/2013)

**III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

**IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Вкупната цена на набавката, без пресметан ДДВ изнесува 1.710.000 денари (со букви: еденмилион седумстотини и десет илјади денари).

ДДВ изнесува 307.800,00 денари (со букви: триста и седум илјади и осумстотини денари).

Вкупната вредност на набавката со вклучен ДДВ, изнесува 2.017.800 денари (со букви: два милиони седумнаесет илјади и осумстотини денари).

Во вкупната цена на набавка е засметана вредноста на придружните услуги, сите трошоци и попусти.

**V.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Времетраење на договорот за набавката изнесува 18 месеца, сметано од денот на доставувањето на Основниот проект за изградба на театар во Струмица согласно Проектна програма и одобрението за градење.

**VI.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, Носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за Договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува **10%.**

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- доколку Носителот на набавката не го почитува договорениот рок за испорака на услугата утврдена во член 4 од овој Договор;
- во случај на раскинување на Договорот по вина на Носителот на набавката.

Гаранцијата за извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на Носителот на набавката во рок од 30 дена по целосното извршување на договорот.

**VIII.ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 6**

Во случај на доцнење со извршување на предметот на договорот од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право покрај активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот за јавната набавка и на договорна казна согласно Законот за облигациони односи.

**IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши на следниов начин: вирмански на жиро сметка на добавувачот.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го изврши во рок од 62 дена сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган (согласно доставената понуда на избраниот понудувач), на сметка и банка за која писмено ќе го извести Носителот на набавката.

**X. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФАКТУРА**

**Член 8**

Носителот на набавката при изготувањето на фактурата должен е да ги наведе следните елементи: број на фактура со јасно видлива дата на предавање, име и презиме на лицето кое ја примило, број и датум на договорот за јавната набавка и вкупна цена за исплата по фактура.

**XI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 9**

Носителот на набавката е должен да го изврши предметот на набавката предвиден во член 1 од овој договор.

Носителот на набавката е должен испораката на предметот на договорот наведен во техничката спецификација на тендерската документација да ги изврши во согласност со нормативите, стандардите и техничките прописи за ваков вид на услуга, совесно, стручно, навремено и согласно важечките законски прописи во Република Македонија.

**XII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

**Член 10**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката, по извршувањето на предметот на набавката во рокот определен во чл. 7 од овој Договор (согласно доставената понуда на избраниот понудувач) од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката.

**Член 11**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно извршувањето на предметот на набавката.

**XIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 12**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

**XIV. ВИША СИЛА**

**Член 13**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**XV. ОБЕШТЕТУВАЊЕ**

**Член 14**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа согласно одредбите за штета во Законот за облигациони односи.

**XVI. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

**Член 15**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**XVII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 16**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред пред надлежниот суд.

**XVIII. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 17**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 18**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото склучување.

**Договорни страни:**

| | |
|---|---|
| **Договорен орган:** | **Носител на набавката:** |
| **НУ Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј Струмица** | **Универзитет Св. Кирил и Методиј- Завод за испитување на материјали и нови технологии АД- Скопје** |
| **директор,** | **директор,** |
| **м-р Васил Ѓоргиев** | **Борис Танески** |
| ___________________ | ___________________ |